Сања Јов Лазарев
15.06.26

# WebMail



## Fw:

From: adsdp@adsdp.mk [adsdp@adsdp.mk]
Date: 12/06/2026 11:54
To: <sanja.jovanovic@adsdp.mk>
Cc:
Attachments: Решение бр. 12-1696 2 од 12.06.2026 - Предраг Станојевиќ.pdf (464.6 KB) Remove



Акционерско друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење на Републиката
СКОПЈЕ

Примено: 12-06-2026

| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
|---|---|---|---|
| 03 | 3343/1 | | |

----Original Message----
From: [redacted]@outlook.com
Date: 12/06/2026 11:46
To: "adsdp@adsdp.mk"<adsdp@adsdp.mk>
Subj:

Почитувани, до МО доставив барање за информации од јавен карактер - за доделба на станови во армијата од формирањето до 2012 година. Добив информација од МО (во прилог) дека целата документација е доставена до Вас. Ве молам за информација - која е постапката за да ја добијам истата документација од ваша страна бидејќи ми е потреебна за комплетирање нз покрената тужба во државава и до Европски комитет за човекови права за комплетирање на мојата жалба и донесување одлука.

Благодаранм однапред

Reply to Sender | Cancel

АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ИЗГРАДБА
И СТОПАНИСУВАЊЕ СО СТАНБЕН ПРОСТОР
И СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР ОД ЗНАЧЕЊЕ ЗА
РЕПУБЛИКАТА - СКОПЈЕ

ул. Орце Николов бр. 138, Скопје, пошт.фах 474 тел: 3111-387

| наш знак | Ваш знак | дата |
| --- | --- | --- |
| 03-778/1 | 62-1396/2 | |

06-07-2026

До:
[redacted]
ул[redacted]
Скопје

**Предмет:** Доставување одговор по Барање информација согласно законот за слободен пристап до информации од јавен карактер до имателот на информации Акционерско друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје

Врска: арх.бр 03-3343/1 од 12.06.2026 година,

Почитувани,

Согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. Весник на РСМ бр.101/2019) во прилог Ви се доставува Решение по бараната информација

Службено лице за посредување при остварување
на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер
Сања Јовановиќ Дамјановска

АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ИЗГРАДБА
И СТОПАНИСУВАЊЕ СО СТАНБЕН ПРОСТОР
И СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР ОД ЗНАЧЕЊЕ ЗА
РЕПУБЛИКАТА - СКОПЈЕ

ул. Орце Николов бр. 138, Скопје, пошт. фах 474, телефон: 3111-387

Скопје

| наш знак | ваш знак | дата |
|---|---|---|
| 03-3343/5 | | 06-07-2026 |

Врз основа на член 20 и член 21 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/2019) Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката- Скопје, а во врска со барањето арх.бр.03-3343/1 од 12.06.2026 година го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ

1.**Се прифаќа** барањето арх.бр. 03-3343/1 од 12.06.2026 година за пристап до информација од јавен карактер, а се однесува на достава на информации и документи поврзани со постапки за доделување станови за припадници на АРМ

2.Ова решение стапува на сила со денот на донесување

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Во врска со Вашето барање наш арх.бр. 03-3343/1 од 12.06.2026 година за пристап до информација од јавен карактер, а се однесува на достава на информации и документи поврзани со постапки за доделување станови за припадници на АРМ

согласно информациите добиени од Секторот за стопанисување со станбен простор-ПО Скопје, Ви го доставуваме следниот одговор:

Во врска со Барањето за пристап до информации од јавен карактер, ве известуваме дека Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен и деловен простор од значење за Републиката – Скопје (АДИССДП) не донесува решенија за доделување станови, ниту спроведува постапки за избор, бодување и рангирање на корисници. Друштвото постапува исклучиво врз основа на веќе донесени решенија од страна на надлежните институции.

Во однос на документацијата наведена во барањето, односно правилници, уредби и интерни акти за распределба на станови, критериуми за бодување и рангирање на кандидати, записници, одлуки и извештаи од комисии за распределба на станови, како

ул. Орце Николов бр. 138, Скопје, пошт. фах 474, телефон: 3111-387

и ранг-листи на корисници поврзани со постапката за доделување на станот на ул. „Јуриј Гагарин“ бр. 111 во Скопје на лицето [redacted], ве известуваме дека наведените документи не се предадени на АДИССДП. Поради тоа, Друштвото не располага со бараната документација, па оттука, не е во можност да обезбеди пристап до истата.

Службено лице за посредување при остварување
на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер
Сања Јовановиќ Дамјановска